Ред. број 16 Циркуларна економија

| Прилог бр.3 | | Предметна програма од втор циклус на студии | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | Циркуларна економија | | | |
| 2. | Код | БАС-22ЦИЕК | | | |
| 3. | Студиска програма | Стратегиски менаџмент за одржлив развој | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел) | Бизнис академија Смилевски – БАС, Скопје | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | Втор циклус | | | |
| 6. | Академска година / семестар | Година | прва | Семестар | втор |
| 7 | Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити | 6 ЕКТС | | | |
| 8. | Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник) | Проф. д-р Тони Соклевски (одговорен наставник)<br>Виш пред. м-р Иван Ѓорѓиевски | | | |
| 9. | Јазик на кој се изведува наставата | Македонски јазик | | | |
| 10. | Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот | нема | | | |
| 11. | Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето: | **Цели на предметната програма:**<br>• Препознавање на важноста на циркуларната економија<br>• Дефинирање на клучните принципи на циркуларната економија<br>• Дефинирање на процесот на транзиција од линерана кон циркуларна економија<br>• Анализирање на приоритетните области на циркуларната економија<br>• Препознавање на бариерите за имплементација на моделот за циркуларна економија<br>• Примена на бизнис моделите за циркуларна економија<br>• Анализирање и примена на компаративни анализи и искуства од Европската унија во претпријатијата во Република Северна Македонија.<br>• Креирање и редизајнирање на предлог бизнис модели за циркуларна економија<br><br>**Резултати од учењето:**<br>По успешното завршување на предметот, студентите ќе бидат способни да:<br>• Анализираат и применуваат од принципите на циркуларната економија во различни индустриски и деловни контексти.<br>• Применуваат практични аспекти на циркуларниот модел, како и неговото влијание на општеството, животната средина и економијата.<br>• Можат да го објаснат концептот на циркуларната економија и како тој се разликува од традиционалната линеарна економија.<br>• Ги познаваат принципите на циркуларната економија, како | | | |

| | | |
|---|---|---|
| | | што се реупотреба, рециклирање, минимизирање на отпад, оптимизација на ресурсите и долговечност на производите.<br>• Идентификуваат примери за циркуларни бизнис модели во различни сектори (напр. текстилна индустрија, градежништво, автомобилска индустрија, технологија).<br>• Анализираат и оценуваат стратегии што се користат од страна на компаниите за интегрирање на циркуларни практики во нивните деловни процеси.<br>• Анализираат економски придобивки на циркуларната економија, како и нејзиниот потенцијал да создаде нови работни места и да ги подобри општествените услови.<br>• Разгледуваат еколошките придобивки, како што се намалување на отпадот, заштита на природните ресурси и намалување на CO2 емисиите.<br>• Креираат и презентираат циркуларни бизнис модели кои ја интегрираат стратегијата за намалување на отпад и употреба на обновливи ресурси.<br>• Развијат бизнис стратегии кои се конкурентни и истовремено еколошки одговорни.<br>• Развијат вештините за критичко размислување, кои ќе им овозможат да ги идентификуваат предизвиците и можностите при спроведување на циркуларните принципи во реалниот свет.<br>• Развиваат практични решенија за реални проблеми и предизвици во индустријата, поврзани со отпад, ресурси и обновливи енергии. |
| 12. | Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје | ПОГЛАВЈЕ 1: Концепт, значење и придобивки на циркуларната економија<br>1.4. Концепт на циркуларната економија<br>1.5. Значење на циркуларната економија<br>1.6. Придобивки на циркуларната економија<br><br>*Резултати од учење:*<br>*Студентите ќе можат да ги анализираат економските придобивки на циркуларната економија, како и нејзиниот потенцијал да создаде нови работни места и да ги подобри општествените услови. Ќе знаат да ги имплементираат еколошките придобивки, како што се намалување на отпадот, заштита на природните ресурси и намалување на CO2 емисиите.*<br><br>ПОГЛАВЈЕ 2: Клучни принципи и придобивки на циркуларната економија<br>2.1. Дизајнирање за долговечност и поправливост<br>2.2. Користење на обновливи ресурси<br>2.3. Намалување на отпадот<br>2.4. Реупотреба и рециклирање<br>2.5. Продолжување на животниот циклус на производите<br>2.6. Целосно затворање на материјалните и енергетските циклуси<br><br>*Резултати од учење:*<br>*Студентите ќе се способни за ефикасна насочечост кон оптимизација на употребата на ресурсите, минимизирање на отпадот и создавање на одржливи бизнис модели. Преку овие принципи студентите ќе можат да го променат традиционалниот, линеарен модел на економија и да ги поттикнат компаниите и општествата да се фокусираат на долгорочен развој.* |

| | | |
|---|---|---|
| | | ПОГЛАВЈЕ 3: Транзиција на моделот за циркуларна економија<br>3.1. Промена на свеста и културата на компаниите и потрошувачите<br>3.2. Редизајнирање на процесите на циркуларна економија<br>3.3. Инвестиции во рециклирање и обновливи ресурси<br><br>*Резултати од учење:*<br>*Студентите ќе бидат во можност да креираат и презентираат циркуларни бизнис модели кои ја интегрираат стратегијата за намалување на отпад и употреба на обновливи ресурси. Ќе можат да редизајнираат процеси на рециклирање и градење на организациска свест за инвестициите за обновливите извори на енергија.*<br><br>ПОГЛАВЈЕ 4: Бизнис модели за циркуларна економија<br>4.1. Модел на производство базиран на услуги (Product-as-a-Service, PaaS)<br>4.2. Модел за поправка и обновување (Repair and Remanufacturing)<br>4.3. Модел на повторна употреба (Reuse)<br>4.4 Модел на рециклирање (Recycling)<br>4.5. Модел на индустриска симбиоза<br>4.6. Модел на дизајн за циркуларност (Design for Circularity)<br>4.7. Модел на диверсифициран материјал (Material Diversity)<br><br>*Резултати од учење:*<br>*Студентите ќе бидат свесни за сите видови на модели и поврзаноста на циркуларната економија со други области како што се зелени технологии, одржливи иновации, етика на бизнисот и животната средина. Студентите ќе можат да ги применуваат начините за организирање на бизнисите со цел да се намали отпадот, да се максимизира употребата на ресурси и да се создадат економски вредности од производи и материјали по нивниот првичен животен век.*<br><br>ПОГЛАВЈЕ 5: Состојба на циркуларната економија во Европската унија и Република Северна Македонија<br>5.1. Состојба на циркуларната економија во Европската унија<br>5.2. Состојба на циркуларната економија Република Северна Македонија<br><br>*Резултати од учење:*<br>*Студентите ќе ги усвојат состојбите во ЕУ и во нашата земја и ќе можат да ги применат соодветните бизнис модели на циркуларна економија во компаниите каде работаат и ќе ги надоградуваат врз основа на тие искуства. Студентите ќе ја промовираат новата економска реалност која создава вредност преку долгорочно користење на производите и минимизирање на отпадот.* |
| 13 | Заемна поврзаност на предметите | нема |
| 14. | Детален опис на наставните и работните методи за предметот | Наставата се реализира преку комбинација на интерактивни предавања, практични вежби, студии на случај и индивидуална и групна работа, со цел да се овозможи сеопфатно разбирање на современите концепти и практики<br>Предавањата се организираат во форма на интерактивна настава каде што студентите се активно вклучени преку дискусии, прашања и мултимедијални презентации. Овој метод овозможува стекнување на теоретски знаења, но и нивна примена преку анализа на актуелни предизвици во областа. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Практичните вежби имаат за цел да ги зајакнат компетенциите на студентите преку симулации, решавање на конкретни задачи и примена на концептите во реални работни сценарија. Преку индивидуални и тимски активности, студентите развиваат аналитички и истражувачки способности, како и практични вештини за подобрување на конкурентноста на компаниите од каде доаѓаат.<br>Студиите на случај се користат како алатка за подобро разбирање на менаџерските предизвици во реалниот сектор. Преку анализирање на конкретни примери од деловната пракса, студентите развиваат критичко размислување и учат како да ги применат стекнатите знаења за идентификување и решавање на проблемите во областа на одржливиот развој.<br>Индивидуалната и групната работа се важен дел од наставниот процес, бидејќи поттикнуваат активно учење, соработка и комуникациски вештини. Студентите имаат можност да работат на самостојни истражувања, како и да презентираат решенија за конкретни предизвици<br>Со примена на овие наставни и работни методи, студентите се стекнуваат со применливо знаење, критичко размислување и практични вештини потребни за одржливиот развој преку дизајнирање на одржливи производи и услуги. |
| 15. | Вкупен расположив фонд на време | 162 часа |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 16. | Форми на наставните активности | 16.1. | Предавања- теоретска настава. часови | 30 |
| | | 16.2. | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови | 30 |
| | | 16.3. | Пракса: часови | / |
| 17. | Други форми на активности | 17.1. | Проектни задачи: часови | 15 |
| | | 17.2. | Самостојни задачи: часови | 45 |
| | | 17.3. | Домашно учење - задачи | 42 |
| 18 | Услови за потпис | Реализирани активности од точка 16 и 17. | | |
| 19 | Начин на оценување | | | |
| | 19.1. | Присуство и активност | 30 | |
| | 19.2. | Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови | 20 | |
| | 19.3. | Завршен испит: бодови | 50 | |
| 20 | Критериуми за оценување (бодови/ оценка) | до 50 бода | 5 (пет) (F) | |
| | | 51 х до 60 бода | 6 (шест) (E) | |
| | | 61 х до 70 бода | 7 (седум) (D) | |
| | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) | |
| | | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) | |
| | | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (A) | |
| 21. | Метод на следење на квалитетот на наставата | • Евалвации од студентите: Редовно спроведување на евалвации за оценување на наставниот процес, со фокус на содржината на предметот, методите на предавање, комуникацијата со студентите и јасноста на наставниот материјал.<br>• Самоевалвација на наставниците: Наставниците вршат самооценка на своето предавање, оценувајќи ги своите методи на наставата, нивната ефективност и областите за подобрување. | | |

<table>
<tr><td></td><td></td><td colspan="5">
<ul>
<li>Набљудување на наставата: Редовно набљудување на часовите од страна на колеги или менаџери за квалитет, со цел да се оценат методите на предавање и интеракцијата со студентите.</li>
<li>Постигнување на образовни цели и резултати: Анализа на академските резултати на студентите, како и нивните вештини и способности што ги стекнале, во контекст на учењето.</li>
<li>Меѓународни акредитации и стандарди: Применување на меѓународни стандарди за квалитет во образованието и вршење на редовни проверки преку акредитации и оценки од надлежни институции</li>
</ul>
</td></tr>
<tr><td rowspan="11">22.</td><td colspan="6">Литература</td></tr>
<tr><td rowspan="4">22.1.</td><td colspan="5">Задолжителна литература</td></tr>
<tr><td>Ред. број</td><td>Автор</td><td>Наслов</td><td>Издавач</td><td>Година</td></tr>
<tr><td>1.</td><td>Соклевски Т.</td><td>Циркуларна економија (компендиум)</td><td>Бизнис академија Смилевски – БАС, Скопје</td><td>2025</td></tr>
<tr><td>2.</td><td>Tatjana Tambovceva, Jelena Titko</td><td>Introduction to circular economy</td><td>EKA University of Applied Science</td><td>2020</td></tr>
<tr><td rowspan="3">22.2.</td><td colspan="5">Дополнителна литература</td></tr>
<tr><td>Ред. број</td><td>Автор</td><td>Наслов</td><td>Издавач</td><td>Година</td></tr>
<tr><td>1</td><td>United Nations Economic Commission for Europe</td><td>Guidelines for Measuring Circular Economy Part A: Conceptual Framework, Indicators and Measurement Framework</td><td>United Nations Economic Commission for Europe, Geneva.</td><td>2023</td></tr>
<tr><td rowspan="2"></td><td>2</td><td>Фондација за Претприемачки сервис за млади</td><td>Водич за циркуларна економија – поддршка на транзицијата од линеарна во циркуларна економија</td><td>Проект: „Партнерство за циркуларна економија – одржлив развој на РСМ и регионален развој“</td><td>2023</td></tr>
<tr><td>3</td><td>European Parliament</td><td>Circular economy: definition, importance and benefits</td><td>European Parliament</td><td>2023</td></tr>
</table>